УДК 37.018.432

Александар ИЛИЕВСКИ

# ДОПИСНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО МУЛТИМЕДИСКИОТ СИСТЕМ НА УЧЕЊЕ

Дописното образование (Correspondence education; cours par correspondance; Korrespondenzbildung; Обучение по переписке), како и дописните школи (correspondance schools, centers d'enseignement par correspondence, Korrespondenzschulen), или, познати уште како Настава на далечина (distant instruction, téléenseignement, Fernunterricht, заочное обучение), претставуваат, мошне есенцијални и фундаментални сегменти, или субсистеми, во системот на едукацијата воопшто, а во андрагошката сфера на социјално-практични односи, посебно.

Во тој контекст и дописното образование, го разгледуваме како значаен сегмент на мултимедискиот систем на учење.

И покрај развиената мрежа во областа на образованието и воспитувањето во современиот свет, сеуште се јавува празнина која со редовниот облик на школување, од повеќе причини, не може да се надополни. Во таа смисла и дописното образование претставува обид за надополнување на ваквата празнина.

Во југословенски и светски релации, дописното образование има свои историски димензии, своја современа реалност, а веројатно и свој футуролошки дигнитет, со оглед на тоа што постепено зачекоруваме во информатичката доба на XXI-от век, во која дописното образование и мултимедискиот систем на учење ќе го имаат доминантното место во образовната сфера.

Првите облици и зачетоци на дописното образование, како најстар вид образование на дистанца (на далечина), се јавува во Бостон.[1]

---

[1] Caleb Philips во 1728-та година, во споменатиот американски град Бостон, понудува свој облик на образование по дописен пат. (Dr Silvije Pongrac, Предговор во книгата на Dr Börje Holmberg, Obrazovanje na daljinu, OOUR Centar za dopisno obrazovanje Zavoda „Birotehnika", Zagreb, 1979, 9.).

Потоа дописното ообразование набргу се проширува и во другите земји.[2]

Некаде во 50-тите години на XIX век, дописното образование се применува и на Exeter колеџот во Оксфорд (1850 г.). Нешто подоцна, тоа се применува и во Берлин (1856 г.), каде што особена примена наоѓа во изучувањето на странските јазици.

И во периодот меѓу двете светски војни, дописното образование наоѓа примена во образовната активност на повеќе земји (САД, Франција, Англија, СССР, Шведска, Југославија, Германија, и др.). Така на пример, во 1919 година во САД, дури на 73 универзитети егзистира дописното образование, како значаен вид образовна дејност, во стекнување и проширување на знаењата.[3]

Во Советскиот Сојуз, дописното образование започнува да наоѓа примена од 1930-та година, со воведувањето на реформата на школството (1958-та година), започнал поинтензивен процес на примена на дописното школување во образованието, како значаен сегмент на мултимедиското учење и комуникации.[4]

Така, при крајот на XIX-от и во почетокот на XX-от век, никнале повеќе стотини школи за дописно образование, раширени низ целиот свет.

Во повоениот период, по 1945-та година, дописното образование, како мултимедиски систем на учење, се проширува и наоѓа примена во системот на воспитанието и образованието, скоро во сите земји. Особено по 1958-та година, тоа интензивно наоѓа практична примена во воспитно-образовната сфера на СССР, Франција, СР Германија, ДР Германија, Шведска, Италија, Англија, Австралија, Норвешка, САД, Австрија, Швајцарија и др.[5]

Дописното образование во Југославија, со оглед на историските, економските и општествените прилики, се јавува нешто подоцна, во споредба со некои веќе споменати развиени земји, во кои дописното образование наоѓа примена од порано. Почетоците на дописното образование во Југославија се сретнуваат во периодот меѓу двете светски војни. Преседан претставува Видовиќевата дописна школа[6], ко-

---

[2] Во Англија 1840-та година Isaac Pitman го воведува дописното образование. Во Берлинската школа во Германија во 1856-та година, исто така, било воведено дописното образование. Во Англија 1894-та година J. W. Knipe се залага за овој вид образование, итн. (Dr Silvije Pongrac, Dopisno obrazovanje, Andragoški centar, Zagreb, 1972, str. 5—6).

[3] Ibidem, 7.

[4] Idem.

[5] Dr Silvije Pongrac, Предговор во книгата на Dr Börje Holmberg, Obrazovanje na daljini, op. cit., 12—19; Истиот — Dopisno obrazovanje, op. cit., 5—6; Истиот — Development in corespondence education, во книгата: Adult education in Yugoslav society, op. cit., 203—211.

[6] Dr Silvije Pongrac, Dopisno obrazovanje, op. cit., 15.

ја делувала во рамките на „Видовиќевото просветно-етичко движење, насочено кон народното просветување“.[7] Нешто подоцна, во периодот меѓу двете светски војни во Југославија се појавува и втората институција за дописно образование, Dopisna trgovinska šola во Љубљана.[8]

Со појавата на овие две дописни школи во Југославија, овој вид образование е ориентиран и во другите места, но пред сè, во областа на општото и стручното образование. Во текот на Втората светска војна, дописното образование, поради отежнатите околности во воени услови, егзистирало делумно во Загреб (т.н. дописно гимназиско образование, по пат на дописен материјал за самостојно учење, преку консултации и испити, радио-емисии).[9]

Дури по 1945-та година, кај нас започнува интензивен развиток на дописното образование, како значаен канал во мултимедискиот систем на учење и комуникации, а особено во шеесеттите и седумдесеттите години на столетиево. Имено, почетоците на дописното образование кај нас, се сретнуваат преку отворање институции од овој вид на образование и тоа: Заводот за оспособување и усовршување на кадрите за финансиски и административни работи во Белград (1953 г.), „Биротехника“ во Загреб (1954 г.), Дописна делавска универза во Љубљана (1957 г.), Дописната економска школа во Белград (1959 г.), а потоа дописното образование се проширува и во другите институции од ваков карактер во земјата (Сараево, Скопје, Титоград, Риека, Вараждин, Пореч и други).[10]

Поинтензивен процес на дописното образование кај нас започнува со воведувањето и интензификацијата на процесите на вечерното и вонредното школување, кои како погодна форма на екстензивен и интензивен план, никнуваат по шеесеттите години, и истите имаат посебно место и значење во југословенската андрагошка теорија и практика.[11]

Во тоа време се отвораат и други дописни школи, дописни курсеви итн. Поттик за побрз развиток на дописното образование во Југославија е даден во Резолуцијата на Сојузната Народна Скуп-

---

[7] Pongrac, S., Razwoj i koncepcja kzstalcenia korespondencyjnego w Jugoslawii, Biuletyn TWWP, Warszawa, br. 2 (42, 1974, 75—82) Наведено според: Dr Silvije Pongrac, Komunikacije u dopisnom obrazovanju, „Školske novine“, Zagreb, 1985, 67).

[8] Ibidem, 68.

[9] Idem.

[10] Dr Silvije Pongrac, Komunikacije u dopisnom obrazovanju, op. cit., 67—70; Истиот — Dopisno obrazovanje, op. cit., 15—18.

[11] Види — Андрагошки теми на Летната андрагошка школа во Пореч (1971 година), а порано: Дискусионата трибина од Четвртиот состанок — објавени во „Образовање одраслих“, односно „Андрагогија“. (Наведено — според цитираните дела на д-р Силвије Понграц).

штина за образованието на стручните кадри, од 1960-та година. Во неа, помеѓу другото се вели: „Вредностите на дописното школување, како современ облик на образование, се во тоа што вработените можат да стекнуваат образование не прекинувајќи го работниот однос . . . а по дописен пат, можат да се школуваат и оние кои живеат во оддалечени места каде што нема редовни ни вечерни школи“.[12]

Дописното образование во југословенската андрагошка теорија и практика добива позабележителни димензии во 60-тите, 70-тите и 80-тите години на столетиево.[13]

Историската (куса) ретроспекција на дописното образование, во минатото и денес, во југословенски, европски и светски релации, говори дека низ своето постоење овој вид на комуникации во процесите на образованието и учењето, скоро повеќе од едно столетие, имало и има свои развојни историски и современи димензии и релации, посебно значајни за натамошното теоретско елаборирање и практична апликација во редовниот школски традиционален систем, и во системот на образованието на возрасните.

Процесите на неговото осовременување и усовршување низ историјата и денес, се условени од развојните текови, усовршувања и унапредување на стопанството и производството, на техничко-технолошките текови и процеси и развојни трендови, а со тоа, се развива и усовршува технологијата на дописното образование како мултимедиски канал на учење и комуникација во современиот начин на живеење, опстојување и комуницирање.

Ако во минатото доминирале т.н. „приватни“ дописни школи, во XX-от век доминантно место во овој вид образование и школување имаат т.н. „државни“ дописни школи.

---

[12] Дописно школовање, Београд, 1962. За дописното образование, види и во списанието: „Андрагогија“, бр. 1/1971 г.

[13] За ова види: Д-р Боривој Самоловчев, Основи на андрагогијата, Универзитет“ Кирил и Методиј“ Скопје, 1981; Samolovčev, dr Borivoj, Neformalno obrazovanje odraslih kao edukativni pokret i teorijska pojava, Andragoški centar, Zagreb, 1984; Samolovčev, dr. Borivoj, Savremeni tokovi u obrazovanju odraslih, NIRO „Misao“, Novi Sad, 1987; Dr Vladimir Mužić, Kibernetika u suvremenoj pedagogiji, „Školska knjiga“, Zagreb, 1979; Dr Ivan Furlan, Učenje kao komunikacija, PKZ, Zagreb, 1967; Dr. Mihajlo Ogrizović, Metode u obrazovanju odraslih, Radničko sveučilište, „Moša Pijade“, Zagreb, 1966; Dr. Milan Matijević, Suvremena organizacija nastave, „Školske novine“, Zagreb, 1985; Истиот — Učimo uz rad, „Birotehnika“, Zagreb, 1984; Dr. Vlado Andrilović, Kako odrastao čovjek uči, „Školska knjiga“, Zagreb, 1976; Истиот — Samostalno učenje, „Birotehnika“, Zagreb, 1979; Dr. Vladimir Poljak, Kako stjecati znanje „Birotehnika“, Zagreb, 1979; Dr. Maja Špan, Model multimedijskog obrazovanja za samoupravljanje, „Birotehnika“, Zagreb, 1980; Dr. Ivan Furlan, Moderna nastava i intenzivnije učenje „Školska knjiga“, Zagreb, 1966; Dr. Vujo Knežević, Kibernetičke osnove strukture i funkcije povratne informacije u nastavi, Naučna knjiga, Beograd, 1973; Dr. Petar Mandić, Inovacije u nastavi i njihov pedagoški smisao, Zavod za izd. udb. Sarajevo, 1972; Sredstva masovnih komunikacija u obrazovanju odraslih, Andragoški centar, Zagreb, 1975; Kovačić, A. — Pongrac, S. — Prodanović, R., Informiranje i obrazovanje u komuni putem više media, Andragoški centar, Zagreb, 1975 i dr.

И во поглед на технологијата на овој вид школување, има одредени усовршувања. Имено, ако при почетните тенденции на овој вид образование, со неговата појава, се користеле најнапред: печатот, поштенските пратки и слично, нешто подоцна, особено со развитокот и усовршувањето на електронската технологија, поинтензивна примена почнуваат да наоѓаат мултимедиските средства, а во прв ред: телефонот, радиото, телевизијата, касетите, плочите и другите технички средства и медиуми.

Впрочем, само да потсетиме дека за средствата за масовно комуницирање (mass-media) и нивната важност во последно време се пишува многу: од чисто теоретските трудови на Умберто Еко („Култура, информације, комуникација"), или популарно-филозофската контемплација на Маршал Мек Луан („Гутенбергова галаксија" и др.), па сè до трудовите стриктно посветени на овие медиуми.[14]

На сите нивоа и во многу прилики, ова прашање темелно се претресува. Тоа што кај нас е воочливо, важи и за целиот современ свет: „Отворен универзитет" во Англија, „Телевизиска школа" во Италија, „Отворена школа" во Холандија, „Телевизија во школа" во САД, и др., претставуваат кратка, иако карактеристична илустрација, на она што се случува на ова подрачје.

Како што веќе истакнавме, благодарејќи на историско-развојните трендови на образовната (наставната) технологија, денес, постои развиен систем на дописно образование во југословенски, европски и светски релации. Покрај Open University во Велика Британија, RAI во Италија, HNR/RTV/ во Јапонија, Telekoleg во Германија (Минхен), познати се уште и: заочное образование во СССР, мултимедискиот систем во Шведска, со своите познати Студиски групи (како организационен облик), потоа во Индија, познатите контактни студии (во Њу Делхи), во бившата ДДР, познатите „комбинирани студии", особено развиени на Техничкиот универзитет во Дрезден, овие образовни форми, особено се развиени во СР Германија, на универзитетите во: Минхен, Тибинген и други, познати под името „систем на студии" (SIM), потоа во Данска, Јапонија, САД, Холандија и др.

Познати теоретичари на овој план, во оваа мошне значајна сфера на едукативно-социјални односи се: B. Holmberg, Pitman, Forster, Sjorgen, Sloos, Mackovskij, Erdos, Fibichova, Delling, Dohmen, и др.

Денес веќе, со сигурност може да се каже дека дописното образование, во рамките на мултимедискиот систем на учење и ко-

---

[14] Види, покрај веќе презентираните трудови, и: Sredstva masovnih komunikacija u obrazovanju odraslih, Andragoški centar Zagreb, 1975, со особен осврт врз трудовите на Д-р Т. Продановиќ (3—31); Д-р Б. Самоловчев, (31—38); Д-р А. Крајнц, (49—54); Д-р И. Мрмак, (38—42) и др. Исто така, види и: Dr. Maja Špan, Adult Education and the mass media, во книгата: Adult Education in Yugoslav Society, op. cit., pp. 212—217.

муникации, има своја педагошко-андрагошка теориска фундираност, а и практична втемеленост во воспитно-образовната практика, воопшто, а во андрагошката, посебно. Тоа има забележително место, во рамките на Медијалогијата, Комуникологијата, како систем, процес и однос. Така, дописното образование се изградува на ниво на систем (односно субсистем), проследен со низа комуникациски канали, по однос на пренесување на знаењата и заедничката конверзација помеѓу институциите и наставниците, од една страна — како даватели на „образовните услуги", и партиципиентите — учесниците — приемачите — реципиентите — дописниците, од друга страна. Низ сите досега спомената облици на комуникација, меѓу спомenатите институции (давателите — корисниците на образовните услуги), се манифестира мултимедиска дописна едукативна комуникација по принципот на „повратната информација", на повратната спрега, позната како „feed back".

Со оглед на тоа, што, дописното образование императивно ја наметнува потребата за успешна двонасочна комуникација, меѓу веќе спомнативе учесници во тој процес, неопходно е поседување на елементарна општа писменост.

Една од предностите на дописното образование, е што тоа може да се стекнува на сите образовни нивои, а особено на ниво на средно, више и високо образование. Додека пак, во основното образование, како што веќе истакнавме, тоа наоѓа најчеста примена во вишите одделенија на основното училиште. Обично, дописното образование како мултимедиски систем, процес и однос, во рамките на перманентното образование и перманентното учење, води кон стекнување на одреден сертификат — за одреден степен на образование, на квалификација и со него се добива „виза" за „inpout" во светот на работата, но и за „output", односно за натамошно образование „Weiterbildung" — „Fortbildung".

Според тоа, дописното образование се јавува и во рамките на формалното, но и во неформалното образование.[15] Негова основна одлика претставува комуницирање на далечина — заштеда во време на учесниците и нивно вклучување во термините на работа во дописните школи.

За успешно „водење" на дописното образование е неопходен дописен материјал. Тоа можат да бидат: наставни писма, книги, учебници, скрипти, магнетофонски ленти, грамофонски плочи, радио и ТВ-емисии, видеорикордери, телевизиски ленти и касети и сл.[16]

---

[15] Dr. Borivoj Samolovčev, Neformalno obrazovanje odraslih kao edukativni pokret i teorijska pojava, Andragoški centar, Zagreb, 1984.

[16] За ова види: K. H. Lentenschlager, Der Lehrbrief in Lehr und Lehrprozess des Fernstudium, Volk und Wissen Volkseigener Verlag, Berlin, 1971, S. 43, како и: Dr. Silvije Pongrac, Dopisno obrazovanje, Andragoški centar, Zagreb, 1972, 18—22, и др.

Дописното образование се остварува и низ други форми, како што се: предавања, консултации, демонстрација со примена на кореспонденција, по пат на програмирано и полупрограмирано учење[17] и др.

Со оглед на фактот што постојат низа канали преку кои се стекнуваат разновидни информации, по дописен и консултативен пат, може да се каже дека наставата на далечина е масовен облик на образование. Предноста се огледа во тоа што „школата во куќата", односно рецепиентот учи самостојно дома — спрема испити, се подготвува за полагање, за консултации, каде што повремено добива и „нови образовни порции", од институциите и наставниците, по пат на „дотур" на образовен материјал, што треба да се учи, а и да се подготвува за полагање испити и консултации. Оттука, велиме дека перманентното учење е мошне корисна форма на дописно образование, односно преку примена и употреба на мултимедискиот систем на учење, рецепиентите се оспособуваат со методите и техниките на учење и самоучење.

Во тој контекст и дописниот материјал од институциите и наставниците се доставува по кореспондентен пат на рецепиентот, се доставуваат наставни прашања, а тој ги решава дома, потоа ги враќа на институцијата за образование, решените задачи, по евидентирање од страна на образовната институција, се доставуваат на наставникот на увид, преглед и контрола, а по извршената процедура, повторно школата на рецепиентот, му враќа нов наставен материјал по пат на дописни писма.

Според тоа, дописното образование мошне успешно се остварува преку т.н. кореспондентна настава, потоа, преку примена на повеќе модели на дописен материјал, а со примена на системот на консултации, на рецепиентите им се доставува: програмиран дописен материјал, полупрограмиран дописен материјал, а со тие процеси се врши и успешно вклучување во процесите на мултимедиската организација на учењето.

---

[17] За набележаниве образовни форми, во андрагошката литература кај нас, постојат прилично развиен број научни трудови, кои студиозно ја разработуваат наставата на далечина, односно дописното образование, како мултимедиски систем на учење и комуникација (во сите негови форми). Некои од изворите и авторите, веќе, беа споменати. Покрај нив потсетуваме и на други извори. На пример: D-r Nikša Nikola — Šoljan. Nastava i učenje uz pomoć kompjutora, Pedagoško kniževen zbor, Zagreb, 1972; Истиот: Obrazovna tehnologija, „Školska knjiga", Zagreb, 1976; Dr. Vladimir Mužić — Dr. Stjepan Rodek, Kompjutor u preobražaju škole, „Školska knjiga", Zagreb, 1987; Dr. Ana Krajnc, Metodika dopisnega izobraževanja, Ljubljana, 1981; Dr. Maja Špan, Model multimedijskog obrazovanja za samoupravljanje, Zagreb, 1980; Dr. Vlado Andrilović, Multimedijsko obrazovanje zaposlenih, Zagreb, 1975; Dr. Nada Kačavenda, Radio-emisija u multimedijskom pristupu društvenom obrazovanju, „Andragogija", 1—2, 1975; Dr. Tihomir Prodanović, Čovjek i samoobrazovanje, Zavod za izdavanje udžbenika, Sarajevo, 1973; Истиот: Problemi izrade savremenog udžbenika za dopisne škole, Zagreb, 1962; Matijević, dr. Mate, Suvremena organizacija u obrazovanju odraslih, „Školske novine", Zagreb, 1985; Dr. Dušan M. Savićević, Suština kontakta i komunikacija u vaspitanju i obrazovanju odraslih, Zbornik Filozofskog fakulteta, kn. IX—2, Bgd., 1966; Lj. Prodanović, Dopisno izobraževanje roditelja, „Andragogija", 1/72 и др.

Од програмираниот и полупрограмираниот дописен материјал, најчеста примена наоѓаат: програмираните и полупрограмираните текстови, учебниците, прирачниците, белешки, скрипти и други материјали. Сите овие процеси и односи, треба да се разгледуваат низ дијалектичко единство и меѓусебна поврзаност, а и сите патишта се разгледуваат врз рамноправна и паритетна основа, по однос на нивната практична примена и употреба.

Од досега презентираното, произлегува дека дописното образование во педагошката теорија и практика, воопшто, а во андрагошката сфера на практично-социјални односи, посебно, има одредено место и значење. Тоа се изградува и на ниво на теорија, со длабока практична втемеленост.

Како педагошко-андрагошки и дидактичко-методички модел, дописното образование, во рамките на мултимедискиот систем на учење и комуникации, во практиката, има мошне развиени образовни форми во пренесувањето на знаењата низ разни канали.

Во тој контекст, дописното образование е мошне погодна форма за реализација на формалното (сертификатно-дипломско) образование, но и за неформалното образование. Тоа се остварува и преку редовниот-традиционалниот систем на образование, познат како прв (педагошки) образовен пат, но и преку образованието низ работа и образованието од работа (познати како втор и трет андрагошки пат) во стекнување на образование, а со цел за успешно перманентно учење. Ова е дотолку значајно, што во услови на информатизација и перманентен мултидимензионален продир на знаењата и друго, дописното образование, како мултимедиски систем на комуникации, е мошне погодна форма за перманентно учење и реализација на сите други начини, патишта, форми и средства на неформално образование и доживотно учење.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Furlan, dr. Iv., Moderna nastava i intenzivnije učenje, „Školska knjiga", Zagreb, 1966.
2. Knežević, dr. V., Kibernetičke osnove strukture i funkcije povratne informacije u nastavi, Naučna knjiga, Beograd, 1973.
3. Knoll, dr. Joachim Einführung in die Erwachsenenbildung, Berlin, 1972.
4. Krajnc, dr. A., Iskustva u integraciji dopisnog i auditivnog (radio) obrazovanja, „Andragogija", Zagreb, br. 4—5, 1976.
5. Kovačić, A. — Pongrac, dr. S. — Prodanović, R., Informiranje i obrazovanje u komuni putem više medija, Andragoški centar, Zagreb, 1975.
6. Mandić, dr. P., Inovacije u nastavi i njihov pedagoški smisao, Zavod za izdavanje udbenika, Sarajevo, 1972.
7. Poljak, dr. Vl., Dinamičnost nastave, Školska knjiga, Zagreb, 1967.
8. Pongrac, dr. S., Dopisno obrazovanje, Andragoški centar, Zagreb, 1972.
9. Pöggeler, dr. Franc., Erwachsenenbildung — Einführung in die Andragogik, Verlag W. Kohlhammer, Stutgart, Berlin, Köln, Meinz, Band 1, 1974.
10. Sredstva masovnih komunikacija u obrazovanju odraslih, Andragoški centar, Zagreb, 1975.
11. Špan, dr. M., Model multimedijskog obrazovanja za samoupravljanje, „Birotehnika", Zagreb, 1980.

Aleksandar ILIEVSKI

# LA FORMATION PAR CORRESPONDANCE DANS LE SYSTEME MULTIMEDIAL DE L'ENSEIGNEMENT

(R é s u m é e)

La formation par correspondence, les écoles par correspondance, encore connues comme cours par correspondence, représentent des segments essentiels et fondamentaux, ou encore des sous systèmes dans le système de l'éducation en générale, et, des relations sociales et pratiques dans la sphère d'andragogie, en particulier.

La formation par correspondence dans le système multimédial de l'enseingnement, surtout dans les cadres de formation permanente, et de façon plus générale dans l'apprentissage permanent, a ses dimensions historiques, sa propre réalité moderne, et on dirait aussi un fenomène important de futurologie au seuil du XXI siècle — à l'ère informatique dans laquelle nous pénétrons de plus en plus — où ce système multimédial aura une place dominante, avec un réseau très développé des possibilités de communication entre ceux qui fournissent des cervices d'education et de formation et les récepteurs — récépients eux — mêmes.

Dans ce travail on envisage les formes, les méthodes, les moyens et les modalités de formation par correspondance dans les domaines yougoslaves, européens et mondials, mais dans une forme abrégée. Pour un accès tout à fait analytique et synthétique, cette problématique subtile nécessite en angagement interdisciplinaire d'un équipe de spécialistes.